Врз основа на чл.30-40 од Законот за психолошка дејност ( Службен весник на РМ бр.6/05) и чл.25 ст.1 од Статутот на Комората на психолози на Република Македонија Управниот одбор на Комората со Одлука бр. 0202-872/02 од ден 14.08.2018год., го Усвои следниот

**ПРАВИЛНИК**
**За организација,постапка и работа на Судовите на Честа во Комората за Психолози на Република Македонија**

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник за организација,постапка и работа на Судовите на честа во Комората за психолози на Република Македонија (во понатамошен текст:правилник за дисциплинска постапка),се уредуваат начинот на поведување и спроведување на дисциплинската постапка против членовите на Комората, како и работата и постапувањето на Обвинителот и Судовите на честа од прв и втор степен во Комората за психолози на Република Македонија (во понатамошен текст:Комора).

.

## 2.СОСТАВ НА СУДОТ НА ЧЕСТА ОД ПРВ И ВТОР СТЕПЕН

Член 2

Судот на честа од прв и втор степен се дисциплински тела на Комората.

Член 3

Судовите на на честа од прв и втор степен имаат претседател, заменик претседател и три членови.Членовите на Судот на честа од првиот и вториот степен ги бира Собранието на Комората, со мандат од 4-четири години.

Судот на честа од прв степен и Судот на честа од вториот степен на Комората, на својата прва седница од своите редови ги избираат Претседателот и заменикот претседател.

Член 4

Судот на честа од прв степен решава предмети врз основа на Одлука за покренување на дисциплинска постапка.

Член 5

Судот на честа на Комората од втор степен решава по жалбите на одлуките на Судот на честа од прв степен. Одлуката донесена од Судот на честа од втор степен е конечна и извршна.

## 3.ОБВИНИТЕЛ

Член 6

Обвинителот ја застапува Комората во дисциплинска постапка пред Судот на честа.

Обвинителот на Комората се избира од страна на Собранието на Комората со мандат од 4-четири години.

## 4.ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

**Покренување на дисциплинска постапка**

Член 7

Дисциплинска постапка покренува претседателот на Комората по службена должност

или по барање на Надзорниот одбор, за што донесува Одлука.

Предлогот за покренување на дисциплинска постапка можат да дадат и други органи и тела на Комората. Предлогот се поднесува до Претседателот на Комората.

Член 8

Пред да се покрене дисциплинска постапка, претседателот на Комората може да побара мислење од Етичкиот одбор.

Етичкиот одбор е должен да даде мислење во рок од 30 дена од приемот на барањето. Во постапката на давање на мислење Етичкиот одбор може да побара мислење и да ги консултира ставовите на психолозите кои се стручни од дадената област, или стручњаци од други области.

Член 9

Ако претседателот на Комората утврди дека нема основа за покренување или спроведување на дисциплинска постапка за тоа донесува Решение.

Ако Надзорниот одбор поднел барање за покренување на дисциплинска постапка, може против решението од ставот 1. од овој член да поденсе жалба до Управниот одбор на Комората, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Ако У Управниот одбор ја уважи жалбата, претседателот на Комората е должен да покрене дисциплинска постапка.

Член 10

Одлуката за покренување на дисциплинска постапка содржи:

1) име и презиме на психологот против кого е поднесено барање со лични податоци;

2) опис на дисциплинската повреда, време и место на извршување на дисциплинската повреда, како и останати околности кои се потребни за да може што поточно да се одреди дисциплинската повреда;

3) предлог на доказите кои треба да бидат изнесени на дисциплинската расправа, со назнака на името на сведокот и вештакот, документи кои треба да се прочитаат и предметите кои служат за утврдување на фактите.

Член 11

Одлуката за покренување на дисциплинската постапка се доставува до психологот односно психологот практикант (во понатамошен текст: обвинетиот) против кого е донесена Одлуката. .

Против одлуката за покренување на дисциплинска постапка не може да се поднесе жалба.

Член 12

На обвинетиот против кого е покрената дисциплинска постапка, мора да му се овозможи да се искаже за своите аргументи и докази кои го теретат и да ги изнесе сите факти и докази кои му одат во корист.

Обвинетиот има право да се брани сам или со помош на бранител. Комората не е должна на психологот против кого е покрената дисциплинска постапка да му обезбеди бранител.

**Изземање**

Член 13

На лицето избрано во Судот на честа (во понатамошниот текст: Судија) му се одзема обавувањето на судската должност, доколку обвинетиот или неговиот

бранител, му е брачен другар или негов роднина по прва линија до било кој степен, а во далечна линија до четврт степен.

Судијата може да биде иземен од обавување на судската должност, доколку надвор од случаите во ставка 1 од овој член се наведат и докажат околности кои ја доведуваат во сомнеж неговата непристрасност.

Член 14

Судијата е должен, штом дознае дека постои некоја од причините за иземање, да ја прекине секоја работа односно учество на тој предмет и за тоа да го извести претседателот на Судот, кој ќе донесе решение за иземањето.

Доколку станува збор за иземање на претседателот на Судот на честа од прв степен, во тој случај заменикот на претседателот ја води дисциплинската постапка,а решението ќе го донесе претседателот на претседателот на Судот на честа до втор степен.

Доколку станува збор за иземање на претседателот на Судот на честа од втор степен, во тој случај заменикот на претседателот ја води дисциплинската постапка во втор степен, а решението ќе го донесе Управниот одбор на Комората.

Доколку и друг член на судовите на честа од прв или втор степен сметаат дека постојат и други околности кои го оправдуваат неговото иземање, ќе го извести за тоа претседателот на соодветниот суд .

Член 15

Иземање може да бараат и обвинителот , обвинетиот, и неговиот бранител.

Обвинителот, обвинетиот и неговиот бранител, може барањето да иземање на судијата на Судот на честа од втор степен да го стават во жалбата или во одговорот на жалбата.

Обвинителот, обвинетиот и неговиот бранител може да бараат иземање само по име на одреден судија кој во предметот постапува, односно на судијата на Судот на честа од втор степен.

Обвинителот, обвинетиот и неговиот бранител се должни во барањето да ги наведат околностите заради кои сметаат дека постои такова основа за изземање.

Член 16

За барањето за изземање, од член 17 од овој Правилник, одлучува претседателот на Судот. Ако се бара иземање на претседателот на Судот на честа од прв степен одлуката за иземање ја донесува претседателот на Судот на честа од втор степен.
Ако се бара иземање на претседателот на Судот на честа од втор степен, одлуката за изземање ја донесува Управниот одбор на Комората.

Против тие одлуки жалба не е дозволена.

**Достава на одлуки, поднесоци и дописи**

Член 17

Одлуките, поднесоците, покани и други дописи по правило се доставуваат по пошта. Доставата може да се обавува и преку човек кој работи во служба на Комората.

На останатите правила за достава на одлуките, поднесоците, повици и други дописи се применуваат одредби од Законот за општа управна постапка.

**Дисциплинска расправа**

Член 18

Претседателот на Судот на честа од прв степен со налог го одредува денот, часот и местото на дисциплинската расправа.

Претседателот на Судот на честа од прв степен  ја одредува дисциплинската расправа најдоцна во рок од 30 дена од приемот на Одлуката за подигнување на дисциплинската постапка.

Член 19

Дисциплинската расправа се одржува, по правило, во канцеларијата  на Комората во Скопје.

Член 20

На дисциплинска расправа ќе се повика обвинетиот, неговиот бранител, обвинителот, сведоци и вештаци. Повикот мора да се достави така да меѓу доставата на повикот и денот на дисциплинската расправа да остане доволно време за подготовка за подготовка ипрема на одбраната,  најмалку 15 дена.

Член 21

Претседателот и членовите на Судот на честа од прв степен и записничарот мораат непрекинато да бидат присутни на  расправата.

Член 22

Претседателот на Судот на честа од прв степен раководи  со дисциплинската расправа, го испитува обвинетиот , ги испитува сведоците и вештаците па потоа им дава збор на членовите на судот, обвинителот , обвинетиот и неговиот бранител и вештаците.

Член 23

Претседателот на Судот на честа од прв степен ја отвора сесијата и го објавува предметот на дисциплинска расправа и составот на Судот. После тоа се утврдува дали дошле сите повикани, па доколку не, проверува дали поканата им е **уредно** предадена и дали своето отсуство го оправдале.

Член 24

Доколку обвинетиот уредно е повикан, а не дојде на дисциплинската расправа ниту пак го оправда своето отсуство, Судот расправата ќе ја одложи за најмалку осум дена.

Доколку обвинетиот  уредно е повикан на расправата со новиот датум на основа на ставка 1 од ова, а не дојде на дисциплинска расправа ниту пак го оправда своето отсуство, Судот може да одлучи расправата да се одржи во негово отсуство.

Член 25

Ако на дисциплинската расправа не дојде бранителот кој уредно е повикан, а не го извести Судот за причините за спреченост или ако бранителот без одобрување ја напушти дисциплинската расправа судот може да одлучи дека расправата ќе се одржи без бранител.

Член 26

Дисциплинската расправа може да почне и без повиканиот сведок или вештак. Во тој случај Судот во текот на дисциплинската расправа треба да одлучи дали заради отсутност на сведокот или вештакот дисциплинската расправа ќе ја одложи.

Член 27

За работата на  дисциплинската расправа мора да се води записник во кој се внесува главно целиот тек на дисциплинската расправа.

Претседателот на Судот на честа од прв степен може, на предлог на обвинителот обвинетиот и неговиот бранител или по службена должност, да наложи во записникот доследно до збор да се впишуваат изјавите кои ги смета за посебно важни.

Член 28

Записникот мора да биде завршен со заклучок за расправата .

Обвинителот, обвинетиот и неговиот бранител имаат право да го прегледаат завршниот записник и неговите прилози, да даваат забелешки во врска со содржината и да бараат исправка на записникот.

Забелешките и предлозите на обвинителот , обвинетиот и неговиот бранител во врска со записникот, исправката и дополнувањата направени во записникот мораат да се забележат во продолжеток на завршениот записник. Во продолжетокот на записникот ќе се забележат и причините заради кои поедини предлози и забелешки не се прифатени.

Записникот го потпишуваат претседателот на Судот на честа од прв степен и записничарот, потоа обвинителот обвинетиот односно неговиот бранител.

Член 29

Кога претседателот на Судот на честа од прв степен утврдил дека на диципплинската постапка се присутни сите повикани лица, или кога Судот одлучил дисциплинската постапка да се одржи без присуство на некои од повиканите лица, од обвинетиот ќе се земат личните податоци.

Член 30

Дисциплинската расправа започнува со читање на одлуката за покренување на дисциплинска постапка.

Потоа се испитува обвинетиот за тоа каков став има во однос на секоја точка од донесената и прочитаната Одлука за покренување на дисциплинската постапка.

**Доказна постапка**

Член 31

Докажувањето ги опфаќа сите факти за кои Судот смета дека се важни за објективна пресуда.

Доказите се изложуваат според оној редослед кој е утврден од страна на Судот на честа од прв ред. Прво да се изложат доказите кои ги предлага обвинителот, потоа доказите кои ги предлага одбраната, а на крај доказите кои бара Судот на честа да се изложат.

Член 32

Во текот на изнесувањето на исказите на сведокот или изложувањето на наодите и мислењата на вештакот, на сведокот или вештакот непосредно му поставуваат прашања обвинителот , обвинетиоти неговиот бранител, претседателот и членовите на Судот на честа. Ако нема други валидни причини процедурата тече по следен редолсед; Прв поставува прашања оној кој предлага изложување на докази а потоа спротивната страна. После тоа поставуваат прашања преседателот и членовите на судот.

Член 33

По завршената доказна постапка председателот на Судот на честа од прв ред се обраќа на обвинетиот и неговиот бранител; "Дали имаат било какви предлози за дополнување на доказната постапка." Доколку нема предлози или предлозите се одбиени, претседателот на судот го испрашува обвинетиот.

Чен 34

Обвинетиот може во тек на расправата да се договара со бранителот, но за тоа како ќе одговори на поставеното прашање не може да се советува со никого.

Член 35

Ако судот после испитувањето на обвинетиот, не востанови дека се потребни уште докази, претседателот на Судот на честа од прв степен објавува дека доказната постапка е завршена.

**Завршни зборови**

Член 36

По завршување на доказната постапка претседателот на Судот на честа од прв ред дава збор на обвинителот обвинетиот и неговиот бранител. Прво зборува обвинителот , потоа бранителот, а потоа обвинетиот.

Член 37

Говорите на лицата не можат временски да се ограничат.

Претседателот на судот на честа од прв ред, после дадено предупредување може да го прекине лицето кое го нарушува редот и моралот или навредува било кое друго лице или се впушта во излагање на содржини кои не се поврзани со предметот. Во записникот за дисциплинската дискусија мора да се наведе дека лицето било прекинато во своето излагање, како и да се наведат причините зошто било прекинато.

Член 38

Обвинителот може да се откаже од Одлуката за спроведување на дисциплинската постапка пред завршување на првостепената дисциплинкска расправа со претходна согласност од претседателот на Судот на честа.

Член 39

Ако Судот после завршните излагања на лицата не утврди дека е потребно да се изнесат дополнителни докази, претседателот на Судот на честа од прв ред објавува дека дисциплинска расправа е завршена.

По тоа судот се повлекува на интерна дискусија и гласање со цел да донесе одлука.

**Одлуки и решенија на судот**

Член 40

Во дисциплинската постапка се донесуваат одлуки и решенија.

Одлуките ги донесува само Судот, а решенијата и претседателот на Комората.

Член 41

Одлуките на Судот се донесува по усно изјаснување и гласање. Одлуката е донесена кога за неа гласало мнозинство од членовите на Судот.

Претседателот на Судот управува со мнозинството и со гласањето и заради тоа гласа последен. Тој е должен да одбрани дека сите прашања се разгледани сестрано и потполно.

Ако заради изземање на судијата Судот одлучува со парен број на судии, и при тоа одлуката не е донесена, бидејќи не е изгласана со мнозинство на членови на Судот, гласањето се повторува.

Ако во повтореното гласање се утврди дека за одлуката не гласало мнозинство на членовите на Судот, одлука е донесена за она за што гласал претседателот на Судот.

Членовите на Судот не можат да одбијат да гласаат за прашања кои ги поставува претседателот на Судот.

Член 42

Судот не е врзан за предлозите на обвинителот за правната оценка на дисциплинската повреда.

Судот одлуката може да ја темели само на факти и докази кои се изнесени во дисциплинската расправа.

Судот е должен совесно да го оцени секој доказ поединечно и во врска со останатите докази па на база на таквата оценка да изведе заклучок дали некои факти се докажани.

Член 43

При одлучување најпрво ќе се гласа дали обвинетиот сторил дисциплинска повреда и дали за неа е одговорен, за потоа да се гласа за дисциплинската мерка и трошоците на постапката.

Член 44

Заседавањето и гласањето се врши на седница која е затворена за јавност.

Во просторијата во која се држи седницата и гласањето можат да бидат присутни само членови на Судот, правник на Комората и записничар.

Правникот на Комората смее само на членовите на Судот да им дава правни толкувања, единствено при прашање на претседателот на Судот, и не смее на никаков друг начин да учествува при одлучувањето.

Член 45

За седницата и гласањето се составува посебен записник.

Записникот за седницата и гласањето го содржи текот на гласањето и одлуките кои се донесени.

Тој записник го потпишуваат сите членови на Судот и записничарот.

Записникот за седницата и гласањето ќе се затворат во посебен коверт. Тој записник може да се разгледува само на второ степениот Суд на чест кога се решава за правен лек и во тој случај должно е записникот повторно да се затвори со засебен коверт а на ковертот да се назначи дека записникот е разгледуван.

**Трошоци на дисциплинската постапка**

Член 46

Трошоците за дисциплинската постапка се издатоци направени по повод дисциплинска постапка од нејзиното покренување до нејзино завршување.

Трошоците за дисциплинска постапка опфаќаат:

- трошоци за сведоци, вештаци, преведувачи, стручни лица и техничко снимање,
- патни трошоци на судиите и обвинителот .

Наградите и оправданите издатоци на бранителите се пресметуваат во трошоците за дисциплинска постапка.

Член 47

Во секоја одлука и решение со кое се прекинува дисциплинската постапка се одлучува кој ќе ги плати трошоците за постапката и колкави се тие.

Член 48.

Тогаш кога Судот обвинетиот ќе го прогласи за одговорен, во одлуката ќе изрече дали е должен да ги надокнади трошоците за дисциплинската постапка.

Член 49

Кога се прекинува дисциплинската постапка или кога ќе се донесе одлука со која ***обвинетиот*** се ослободува од тужбата или со која тужбата се одбива, ќе се изрече во решението, односно во одлуката дека трошоците за дисциплинската постапка ќе паднат на сметка на Комората.

**Видови на одлуки**

Член 50

Со одлука на Судот, Одлуката за покренување на дисциплинска постапка се одбива или обвинетиот се ослободува од тужбата или се прогласува за виновен.

Член 51

Со одлука на Судот, Одлуката за покренување на дисциплинска постапка се одбива ако тужителот во текот на дисциплинската расправа остапи од Одлуката за покренување на дисциплинска постапка..

Член 52

Со Одлуката со која обвинетиот се ослободува од тужбата судот ќе се изрече:

1.ако повредите за кои се оптужува не е дисциплинска повреда,

2.ако има околности кои ја исклучуваат одговорноста,

3.ако не е докажано дека не се докаже дека обвинетиот не е виновен за повредата која му се става на товар.

Член 53

Одлуката со која обвинетиот се огласува за одговорен Судот ќе наведе:

1.За која дисциплинска повреда се прогласува одговорен, со назнака доказ и околности кои го сочинуваат делото за дисциплинска повреда,

2.Какви мерки се изречени на психологот или психологот приправник против кого се води постапка,

3.Одлука за трошоци за дисциплинска постапка.

Ако на обвинетиот му е изречена парична казна, во одлуката ќе се назначи рок во кој паричната казна мора да се плати.

**Објава на одлука**

Член 54

По изрекување на одлуката од страна на Судот, претседателот на Судот на чест од прв степен веднаш ја објавува одлуката.

Во случај кога Судот не може да изречи одлука во истиот ден кога е спорведена дисциплинската расправа, објавата на одлуката ќе се одложи за најмногу три дена и ќе се одреди време и место за објава на одлуката.

Член 55

По објава на одлуката претседателот на Судот на чест од прв степен ќе го поучи обвинителот, обвинетиот и неговиот бранител, за правото на жалба односно за правото на одговор на жалба.

Член 56

Усмената објава на одлуката се внесува во посебен записник кој се пренесува во допис, а психологот, односно психологот приправник, на кого му е предаден дописот ќе го

потврди тоа со свој потпис.

**Изработка и достава на писмена одлука**

Член 57

Објавената одлука мора да се напише, потпише и завери во рок од 15 дена од денот на усмената објава на одллуката.

Одлуката ја потпишува претедателот на Судот на чест од прв степен и записничарот.

Заверен препис на одлуката се доставува до претседателот на Комората, тужителот, лично на психологот односно психолот приправник против кого е покрената дисциплинска постапка и до неговиот бранител.

## 5.ПРАВНА ПОСТАПКА/ПОСТАПКА ЗА ПРАВЕН ЛЕК

**Жалба против одлуката на Судот на чест од прв степен**

Член 58.

Жалба против првостепената одлука може да поднесат обвинителот , обвинетиот и неговиот бранител, во рок од петнаесет дена од денот на достава на преписот на одлуката.

Поднесената жалба од страна на обвинителот , обвинетиот или неговиот бранител го оддложува извршувањето на одлуката.

**Основи за побивање на одлука**

Член 59.

Одлуката на Судот на честа во прв степен може да се побива:

1. поради битни повреди на одредбите за дисциплинска постапка;
2. поради погрешно или непотполно утврдена фактичка состојба;
3. поради повреда на материјално право;
4. поради одлуката за мерките и трошоците на дисциплинската постапка.

**Постапка за жалба**

Член 60

Жалбата се поднесува до Судот на чест од втор степен во 3 примероци и тоа: за Судот, за спротивната страна и бранителот поради давање на одговор.

Член 61

Претседателот на Судот на чест од втор степен ќе ја предаде поднесената жалба на спротивната страна која има право во рок 15 дена од денот на прием да поднеси одговор на жалба до Судот.

**Одлука на Судот на чест од втор**
**степен на поднесената жалба**

Член 62

Судот на чест од втор степен донесува одлука на седница без одржување на расправа.

Член 63

Студот на чест од втор степен може да ја отфрли жалбата како неправосилна или недопуштена, или да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди првостепената одлука, или да ја укине таа одлука и да го препрати предметот до првостепениот Суд на повторено судење и одлучување, или да ја промени првостепената одлука.

За сите жалби против иста одлука на Судот на чест од втор степен одлучува со една одлука.

Член 64

Жалбата се отфрла со решение како неправосилна, ако се утврди дека е поднесена по изминување на рокот за жалба одреден со овој Правилник.

Член 65

Жалбата се отфрла со решение како недопуштена, ако се утврди дека жалбата ја поднесува лице кое не е овластено за поднесување на жалба или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата.

Член 66

Судот на чест од втор степен со одлука ќе ја одбие жалбата како неоснована и ќе ја потврди првостепената одлука кога ќе утврди дека не пости основ за побивање на одлуката.

Член 67

Судот на чест од втор степен со решение ќе ја укине првостпената одлука и ќе го врати предметот на повторно судење, ако смета дека поради погрешно или непотполно утврдена фактичка состојба треба да наложи нова дисциплинска расправа пред првостепениот Суд.

Член 68

Судот на чест од втор степен прифаќајќи ја жалбата, со одлука ќе ја промени првостепената одлука, ако утврди дека одллучувачките факти се правилно утврдени и дека со оглед на утврдената фактичка состојба со правилна примена на материјалното право има основ за донесување на друга одлука.

## 6.ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА И РЕШЕНИЕ

Член 69

Одлуката на на Судот на чест станува конечна и извршна кога веќе не може да се побие со жалба.

Конечната одллука се извршува по нејзината уредна достава.

Ако не е поднесена жалба или ако тужителот, психологот или психологот приправник против кого е покрената дисциплинска постапка и неговиот бранител се одрекле или се откажале од жалбата, одлуката е извршна со истекот на рокот за жалба, односно на денот на одрекување или откажување од поднесената жалба.

Член 70

Решението се извршува кога ќе стане конечно.

Конечноста на решението настапува кога истото не може да се побие со жалба или кога жалбата не е допуштена.

Член 71

Евиденцијата за дисциплинските постапки ги евидентира и води секретарот на Комората.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 72

Измени и дополнувања на овој правилник се врши на начин и постапка на негово донесување.

Член 73

Овој Правилник се објавува на WEB страната на Комората и стапува на сила осмиот ден од денот на донесување и објавување.

**КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА РМ**